КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД РИЗИКОТ КРШЕЊЕ СО КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЗИЛА

Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесување, а се применуваат на договорите кои ќе се склучуваат по 01.04.2017 година.

## Општи одредби
## Член 1

(1) Условите за каско осигурување на возила и овие Дополнителни Услови за осигурување од ризикот кршење се составен дел на Договорт за каско осигурување на возила и осигурување на возила од ризикот кршење.
(2) Осигурувањето од ризикот кршење може да се склучи исклучиво со осигурување на возилото од ризиците на потполно каско осигурување.
(3) Договорот за осигурување од став (1) од овој член се склучува со франшиза или без франшиза, зависно од начинот на склучување на договорот за каско осигурување.

## Предмет на осигурување
## Член 2

(1) Предмет на осигурување од ризикот кршење се:
   1. работен уред на товарни возила, автобуси, работни и приклучни возила.
   2. влечни возила (трактори), работни возила, приколки и контејнери во целина.
(2) Моторот е составен дел на работниот уред само ако исклучиво служи за движење на работниот уред, а не и за движење-влечење на возилото во насоки. Ако истиот мотор истовремено служи за движење на возилото и за движење на работниот уред на возилото, моторот не се смета за составен дел на работниот уред на возилото.
(3) Шасијата, односно постољето на кое се наоѓа работниот уред, како и возачката кабина, каросеријата, трансмисијата и останатите делови на возилото што овозможуваат движење (влечење) на возилото во насока, во секој случај не се сметаат за работен уред односно за дел од работниот уред.
(4) Со осигурувањето е опфатено маслото и полнењето во уредите, ако нивната вредност е содржана во вредноста на уредот.
(5) Штета на маслото и полнењето ќе се надомести во процентуална вредност според векот на траење по важечките технички прописи.
(6) Со потполно каско осигурување опфатени се и штетите на електрични и дизел електрични локомотиви што се причинети од непосредно дејство на електрична енергија.

## Предмети кои се исклучени од осигурување
## Член 3

Не се осигурени:
1. приклучни уреди на трактори и земјоделски машини;
2. работни елементи на земјоделски машини како: ралници, дискови, клинови, дрљачи (брани), ножеви, коси и запци со сечило (прсти), мотики, ножеви со носачи и сл.;
3. делови на машини што се изложени на директно термичко влијание како: сигурносни облоги на садови и уреди, решетки на лежиште, пламеници

на согорувачи, електроотпорни грејачи и сл; освен мотори со внатрешно согорување;
4. делови на машини изложени на абење и замена, сита, релјефни и други заменливи облоги на ваљаци, облоги за гребени, чешли, флексибилни цевки, ремени, четки, обрачи, оплати (од гума, текстил или синтетички материјали), влошки за филтер, филтер платна, средства за термичка изолација и затворање, делови на спојки изложени на брзо трошење (гумени прстени, гумени уметоци, ламели и сл), преносни кабли, со исклучок на оние кои автоматски се намотуваат на калеми, клизни и движечки лежаи со внатрешен пречник до 100 мм;
5. експлоатациски материјал како: гориво, масло за подмачкување, мазива, разладни средства, средства за чистење и сл.;
6. транспортни ленти, синџири и јажиња;
7. гуми на возилата;
8. гасеници на возила гасеничари, ако поинаку не се договори;
9. алат што може да се менува како: сврдел, алат и делови на машини кои непосредно служат за кршење и ситнење, калапи, матрици, ножеви, примероци и облоги на валјаци, пили, сита, брусен камен, жигови (печати);
10. катализатори.

**Осигурени ризици**
**Член 4**

(1) Кроација Осигурување е во обврска да исплати надомест во случај на штета настаната со непредвидено и ненадејно уништување или оштетување на предметот на осигурување поради незгода во погон, под која се подразбираат настани кои се случиле во врска со употребување на предметот на осигурување, и тоа поради:
1. грешки во конструкцијата, материјалот и изработката;
2. непосредно дејство на електрична енергија: краток спој, атмосферски и друг пренапон, електричен лак и сл.;
3. прскање или распаѓање поради дејство на центрифугална сила;
4. недостаток на вода во парни котли и апарати со пареа;
5. мраз, освен замрзнување на вода во склоповите на моторот, притисок на мраз или снег или непосредно движење на мраз;
6. натпритисок и потпритисок (имплозија);
7. откажување (затајување) на уредите за заштита или регулација како и на елементите за автоматско управување со кои е опремена машината;
8. заглавување за време на бушење во бушотини.

(2) Кроација Осигурување е во обврска да исплати надомест за полнење со масло на осигурени машини, само кога штетата е последица на оштетување или уништување на машината од ризиците опфатени со овој член.

(3) Кај електричните и дизел-електричните локомотиви со кршење и некои други опасности се опфатени само штетите од дејството на електрична енергија, додека останатите ризици од став 1 од овој член не се вклучени во осигурување.

**Ризици кои не се опфатени со осигурувањето**
**Член 5**

(1) Кроација Осигурување не го покрива остварувањето на следните ризици:
1. недостатоци и грешки кои постоеле во моментот на склучување на договорот за осигурување, но кои не му биле или не морале да му бидат познати на осигуреникот или лицето одговорно за погонот;
2. непосредни (директни) последици од трајни хемиски, термички, атмосферски, механички и други влијанија и Услови на сместување и работа како: оксидација, стареење, корозија, зрачење, прекумерни вибрации и сл.;
3. последици на сите видови на трошење, абење, абразија, ерозија, кавитација и др.;
4. прекумерни наслаги на ʻрѓа, воден камен, талог, тиња и сл., дури и тогаш кога поради тоа настанало уништување или оштетување на осигурениот предмет;
5. пренапрегнатост и преоптовареност на машини, машински и електрични уреди, апарати и инсталации над границата на нивните проектни параметри;
6. недоволно одржување;
7. ставање во погон пред конечната поправка;
8. монтирање и пробно испитување на нови предмети;
9. динамичко вртење на ротациски делови од машини (турборотор и сл.), ако тоа посебно не е договорено;
10. повреда на законските и техничките прописи и упатствата за техничка експлоатација на осигурените предмети и непреземање на заштитни мерки;
11. посредни штети настанати во врска со осигурениот случај како: загуба на заработка, денгуба, казна итн.;
12. штети настанати на ремени, подвижни ленти, гуми на возила и сл.;
13. штети настанати на гасеници на возила гасеничари, ако поинаку не е договорено;
14. штети за кои по прописите или по договорот одговара производителот или испорачувачот на предметите. Ако производителот или испорачувачот ја оспорува одговорноста, а штетата е предизвикана од една од причините опфатени со осигурувањето од ризикот кршење, Кроација Осигурување ќе го исплати надоместот од осигурување и ќе стапи во правата на осигуреникот кон производителот или испорачувачот;

15. штети настанати во врска со трошоците за поправка, ако штетата се утврди и поправката се врши при редовен или периодичен преглед заради одржување.

**Обем на обврската на Кроација Осигурување**
**Член 6**

(1) Кај влечни возила (трактори), мотокултиватори, возила „унимог“ и „унилог“ и сл. освен седласти влекачи, осигурувањето од ризиците од член 4 се однесува на тие возила во целина и делува непрекинато т.е. како за време додека возилото служи како работна машина така и за време додека служи како влечно возило за движење по патот.
(2) Кај работните возила и работни машини, ако посебно се договори, осигурувањето од кршење се однесува на овие возила во целина.
(3) Кај товарни возила, автобуси, приклучни возила, работни возила и работни машини, ако е договорено осигурување од ризикот кршење на работни уреди, ова осигурување се однесува само на работните уреди наведени во полисата.

**Важност на осигурувањето**
**Член 7**

Предметите кои се предмет на осигурување од ризикот кршење, се осигурени само за време:

1. додека се монтирани и подготвени за работа;
2. кога се наоѓаат во работа;
3. кога се демонтираат и монтираат поради преместување и ремонт (поправка) за времетраењето на ремонтот на местото каде што осигурениот предмет се наоѓа и во работилница на осигуреникот.

**Основица за пресметка на премијата**
**Член 8**

Основицата за пресметка на премијата се утврдува врз основа на новонабавната цена на влечно возило, работно возило или работна машина.

**Завршна одредба**
**Член 9**

Овие Дополнителни Услови важат само со Условите за каско осигурување на возила. На прашања кои не се решени со овие Дополнителни Услови се применуваат Условите за каско осигурување на возила.

Доколку договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето не се задоволни од првостепената одлука на Осигурувачот, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 дена до Комисијата на осигурувачот која одлучува по приговори. Приговорот може да му се упати на осигурувачот на адресата на Кроација Осигурување.

Приговорот треба да содржи:

- име и презиме и адреса на подносителот на приговорот кој е физичко лице или на неговиот законски застапник, односно фирма, седиште и име и презиме на одговорното лице на подносителот на приговорот кој е правно лице;
- причини за приговорот и барања на подносителот на приговорот;
- докази со кои се потврдуваат наводите од приговорот кога е можно тие да се приложат, а може да содржи и исправи кои не биле разгледувани во постапката во која е донесена одлуката поради која се поднесува приговорот како и предлози за изведување докази.
- датум на поднесување на приговорот и потпис на подносителот на приговорот односно лицето кое го застапува;
- полномошно за застапување, кога приговорот е поднесен преку полномошник.

Друштвото е должно во писмена форма да одговори на приговорот во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на приемот.

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да достават жалба за осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

Во случај на спор, договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето ќе се обидат спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, надлежен е стварно надлежниот суд во местото на седиштето на осигурувачот.

**Член 10**

Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесување, а се применуваат на договорите кои ќе се склучуваат по 01.04.2017 година.

КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Друштво за неживотно осигурување Скопје
Претседател на Одбор на директори
Никола Мишетиќ